# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА УМЕТНИЧКА ОБЛАСТ ТЕХНИКИ НА АНСАМБЛОВА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА И ПРИДРУЖБА НА ИЗВЕДБА НА МЕЛОДИИ ВО СОВРЕМЕНИ СТИЛОВИ НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1402-127/7 од 16.12.2015 година донесена на 13. седница на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија, одржана на 16.12.2015 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно - научната уметничка област *техники на ансамблова интерпретација и придружба на изведба на мелодии во современи стилови* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија е во следниот состав:

– м-р Антонијо Китановски, вонреден професор на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, претседател, с.р.;
– м-р Ангеле Михајловски, вонреден професор на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член, с.р.;
– м-р Георги Мицанов, вонреден професор на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член, с.р.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 4.12.2015 година и во предвидениот рок се пријави 1 (еден) кандидат:

д-р Невенка Трајкова - доктор на музички науки (уметнички соработник/корепетитор).

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Невенка Трајкова** е родена на 26 април 1984 година. Средно музичко училиште – оддел Класично пијано завршува во Средното музичко училиште „Сергеј Михајлов“. Дипломира пијано на Националната музичка академија „Панчо Владигеров“ во Софија, Бугарија, со просек 9,27 (според еквиваленцијата направена од Министерството за образование на Р. Македонија). На истата институција магистрира пијано во 2008 година со просек 9,00. Во 2013 година на истата музичка академија се стекнува со научен назив – **доктор по музичка уметност**, каде што докторира корепетиција на тема „Комплементарната структура на корепетицијата. Улогата на клавирот во некои камерно-инструментални композиции од македонски композитори. Интерпретациски и ансамблови проблеми“, **со просек 10.00**.

По дипломирањето се вработува во Средното музичко училиште „Сергеј Михајлов“ како наставник по пијано, камерна музика и корепетиција. Од декември 2008 г. се вработува на Факултетот за музичка уметност во Штип како уметнички соработник (корепетитор) по пијано во класите на гудачките и дувачките инструменти. Како корепетитор е професионално ангажирана на натпревари во земјава и во странство, во Скопје, Охрид, Битола, Штип, Струга, Дојран, Кавадарци, Бугарија, Косово, Србија, Грција, Италија и во Шпанија. Д-р Трајкова има изработено две интерни скрипти за наставата по пијано – читање прима виста и транспонирање и една рецензирана скрипта „Развивање на пијанистичката техника, слушни вештини и правилна интерпретација на избрани дела за пијано од македонски композитори“.

Д-р Трајкова е раководител на студенти и ученици во учество на државни и меѓународни натпревари, од кои 13 се добитници на државни награди, а 11 се добитници на меѓународни награди. Од 2011 до 2013 г. е претседател на Организациониот одбор на Арт фестивал

„Езерски бисери“ во Струга. Во 2014 г. е уметнички директор на Првиот меѓународен натпревар „Дојрана“ во Дојран. Д-р Невенка Трајкова била член на четири жири-комисии на меѓународни натпревари и тоа на VII и VIII натпревар „Езерски бисери“ во Струга и III и IV натпревар за камерна музика – Своге, Р. Бугарија, 2014 и 2015 г.

Учествува на 10 музичко-образовни РТВ емисии во Македонија и тоа на ТВ Тера – Битола, ТВ Стар – Штип, ТВ Канал Вис – Струмица, ТВ Ирис – Штип, УГД ФМ, Радио Слободна Македонија и Радио Скопје. Д-р Трајкова е активен учесник на семинари по пијано кај еминентните педагози: Марчела Крудели, Антон Диков, Тамара Подубнаја, Александар Блох, Елена Дикова, Катрин Викерс, Љубен Димитров и Ангелика Генова.

Носител е на стипендија од СОРОС.

***Добитник е на наградите:***

- I награда на XL Државен натпревар во Скопје – камерна музика;
- III награда на XL Државен натпревар во Скопје – пијано (дуо);
- Награда за најдобар корепетитор на Фестивалот „Езерски бисери“;
- Награда за најистакнат уметнички соработник на Фестивалот „Дојрана“ 2014;
- 8-ноемвриско признание од областа на културата од Општина Неготино на трио Grazioso, во состав: сопран – м-р Кристина Палија, д-р Невенка Трајкова и виолина Менка Богоевска.

Д-р Трајкова остварува голем број солистички и камерни концерти во земјава и во странство: Австрија, Шпанија, Италија, Словенија, Бугарија, Србија, Грција и Косово. Учествува на манифестации како „Штипско културно лето“, „Топол културен бран 2015“-Неготино, Велес – „Град на културата 2015“, „Интерфест Битола 2012“ , Кочани – „Град на културата 2012“ и многу други.

Од 2014 год. е член на трио Grazioso, кое е во состав од: сопран – м-р Кристина Палија, виолина - Менка Богоевска и пијано д-р Невенка Трајкова. Триото во 2014/2015 г. има остварено бројни настапи на сцените низ Европа.

По натпреварот „Montserrat Caballe”, Сарагоса, Шпанија, септември 2014 г., каде што д-р Трајкова настапи со сопранот м-р Кристина Палија, се претставија и на сцените во Линц, Австрија. Со трио Grazioso д-р Трајкова се претстави на три концерти на сцените низ Словенија, во Чрномељ и Метлика, како и на концерт во Попово, Р. Бугарија. Трио Grazioso често настапува и на сцените низ Р.Македонија. Добитници се на 8-ноемвриско признание во областа на културата од Општина Неготино за 2015 година.

Настапува како придружба на секакви видови инструменти и ансамбли кои изведуваат најразлични стилови на музика. Бројни изведби со студенти од класика и џез оддел–МА при УГД на новогодишни концерти, јавни часови, турнеи на УГД и др. Настапува како придружба на вокал, виолина, тромбон и туба при изведба на популарни современи мелодии во разни проекти низ Македонија: Штип, Гевгелија, Неготино, Кавадарци, Велес и Скопје, 2010-2015 г., каде што изведува џез стандарди, современа, филмска и класична музика.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

***Кандидатката д-р Невенка Трајкова има:***

1. Доктор на науки одсоодветната научна област - музичка уметност, корепетиција на тема „Комплементарната структура на корепетицијата. Улогата на клавирот во некои камерно-инструментални композиции од македонски композитори. Интерпретациски и ансамблови проблеми“ со просек 10.00.
2. Дипломира пијано на Националната музичка академија „Панчо Владигеров“ во Софија, Бугарија со просек 9,27 (според еквиваленцијата направена од Министерството за образование на Р. Македонија). На истата институција магистрира пијано во 2008 година со просек 9,00 (според еквиваленцијата направена од Министерството за образование на Р. Македонија).

Објавила 6 труда од областа на интерпретацијата на камерна музика и корепетиција во домашни и странски списанија:

3. Објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија, меѓународни научнипубликации или музички концерти во реномирани сали;

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Наслов на концертот (од репозиториум) | Датум на изведба на концертот |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Невенка Трајкова | Целовечерен концерт | Солистички концерт на Невенка Трајкова, Штипско културно лето 2002 | 9.7.2002 |
| 2. | Невенка Трајкова и Златка Митева | Целовечерен концерт | Концерт дуо флејта и пијано, Златка Митева - флејта, Невенка Трајкова - пијано, Сала „Димитар Ненов“ Софија, Бугарија | 30.11.2011 |
| 3. | Невенка Трајкова и Ване Аревски | Целовечерен концерт | „Автобиографски портрети на македонски композитори“ – Уметничка галерија Безистен - Штип<br>Проект на Министерство на култура | 30.8.2012 |
| 4. | Невенка Трајкова со Трио Grazioso | Целовечерен концерт | Целовечерен концерт на трио Grazioso во Чрномељ, Словенија | 21.2.2015 |
| 5. | Невенка Трајкова и Кристина Палија | Целовечерен концерт | Концерт “Macedonien meets Austria” Линц, Австрија | 30.4.2015 |
| 6. | Невенка Трајкова со трио Grazioso | Целовечерен концерт | Концерт на трио Grazioso<br>НЧ „Св.Кирил и Методиј“ - Попово, Р.Бугарија<br>„Common european memory of the past“2015 | 27.8.2015 |

4. два научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Импакт фактор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Trajkova, N. | The Educational Process in Mastering and Developing Pianistic Technique through Performance of Modern Pieces for Intermediate and Advanced Level Students. | *International Journal of Sciences: Basic and Applied Research* (IJSBAR), pp. 357-365, | **If=13/39-0.333** (2014) |
| 2 | Trajkova, N. | Culture and Human Development Through Music Education: Specifics of the Interpretation and Complementariness in Chamber Musicianship, Characteristic for the Educational Development of Music Students. | *International Journal of Sciences: Basic and Applied Research* (IJSBAR), pp. 538-545, | **If=13/39-0.333**(2014) |

5. Препораки од двајца редовни професори од наставно-научната област;
6. Позитивно рецензирана скрипта.

***Научноистражувачка дејност и стручно - уметнички активности***

Од доставената документација, во периодот до конкурсот д-р Невенка Трајкова ги има остварено следниве уметнички активности и објавени трудови во научноистражувачката дејност:

1. 9.7.2002, Уметничка галерија „Безистен“, Штипско културно лето: Целовечерен солистички рецитал (3)
2. 10.9.2003, Дом на култура - Габрово, Бугарија: Целовечерен камерен рецитал на „Денови на камерна музика“ со Александрос Хараламбус – виолончело и Невенка Трајкова – пијано (6)
3. 16.10.2003, Дом на Култура „Ацо Шопов“, Штип: Целовечерен камерен рецитал со Александрос Хараламбус – виолончело и Невенка Трајкова – пијано (3)
4. 22.11.2003, Сала Гигантски кристали, Софија, Бугарија: Настап на групен концерт на студентите од сите балкански земји на покана на Националниот музеј „Земјата и луѓето“ (3)
5. 22.4.2004, Концертна сала „Мегарон“, Атина, Грција: Целовечерен камерен рецитал со Александрос Хараламбус – виолончело и Невенка Трајкова – пијано (6)
6. 7.7.2006, Штипско културно лето: Целовечерен солистички рецитал (3)
7. 8.9.2006, Сала „Димитар Ненов“, Софија, Бугарија: Целовечерен солистички рецитал (6)
8. 14.6.2007, Сала „Димитар Ненов“, Софија, Бугарија: Целовечерен камерен рецитал со Марија Ќосевска - виолина и Невенка Трајкова – пијано (6)
9. 22.5.2008, Уметничка галерија „Безистен“, Штип - Музичка младина на Македонија: Целовечерен камерен концерт со Јован Докузов – хорна и Невенка Трајкова – пијано (3)
10. 30.7.2008, Уметничка галерија „Безистен“, Штипско културно лето: Целовечерен солистички рецитал на Невенка Трајкова (3)
11. 10.10.2008, Сала „Димитар Ненов“, Софија, Бугарија: Целовечерен солистички рецитал (6)
12. 15.5.2010, Даут Пашин амам, Скопје: Настап на завршен концерт на наградени учесници на државен натпревар (2)
13. 4.7.2010, Уметничка галерија „Безистен“, Штипско културно лето: Целовечерен камерен рецитал со Златка Митева – флејта и Невенка Трајкова – пијано (3)
14. 23.12.2010, Дом на култура „Ацо Шопов“, Штип: Настап на групен хуманитарен концерт со Златка Митева – флејта и Кирил Рибарски – тромбон (2)
15. 28.11.2011, Концертна сала, ФМУ Штип: Целовечерен камерен рецитал на Златка Митева – флејта и Невенка Трајкова – пијано (3)
16. 30.11.2011, Сала „Димитар Ненов“, Софија, Бугарија: Целовечерен камерен рецитал со Златка Митева – флејта и Невенка Трајкова – пијано (6)
17. 14.12.2011, Концертна сала, ФМУ Скопје: Настап на свечен концерт по повод врачување на награди за истакнати музички педагози (2)
18. 13.7.2012, ОМУ Ристо Јуруков, Кочани: Целовечерен концерт со Виктор Карапнцов – туба и Невенка Трајкова – пијано (3)
19. 30.8.2012, Уметничка галерија „Безистен“, Штип: Целовечерен концерт со „Автобиографски портрети на македонски композитори“ Ване Аревски- флејта и Невенка Трајкова-пијано (3)
20. 11.10.2012, Интерфест Битола: Целовечерен камерен рецитал со Виктор Карапанцов – туба и Невенка Трајкова – пијано (3)
21. 11.7.2014, Безистен, Штипско културно лето: Целовечерен камерен концерт со м-р Ване Аревски – флејта и Невенка Трајкова- пијано (3)
22. 14.9.2014, Аудиторио, Сарагоса, Шпанија: Настап на Меѓународен натпревар „Monntserrat Caballe“ со сопран м-р Кристина Палија (3)

7.11.2014, Центар за култура, Неготино: Настап на Трио Grazioso на Свечена седница на 8 ноември (3)

26.12.2014, Сала на МА при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип: Новогодишен концерт на сопран и пијано - м-р Кристина Палија и д-р Невенка Трајкова (3)

19.2.2015, Чрномељ, Словенија: Концерт на Трио Grazioso Кристина Палија – сопран, Невенка Трајкова – пијано, виолина - Менче Богоевска (6)

20.2.2015,Метлика,Словенија: Настап на Трио Grazioso на Хуманитарен концерт (3)

21.2.2015, Чрномељ, Словенија: Целовечерен концерт на Трио Grazioso Кристина Палија пијано – сопран, Невенка Трајкова – пијано, виолина - Менче Богоевска (6)

30.4.2015, Линц, Австрија: Целовечерен концерт “Macedonien meets Austria” – м-р Кристина Палија – сопран и д-р Невенка Трајкова- пијано (6)

17.6.2015, „Бели мугри“, Велес: Целовечерен концерт на Трио Grazioso - „Велес - Град на културата 2015“(3)

9.7.2015, Уметничка галерија „Безистен“- Штип*:* „Штипско културно лето 2015“ – Целовечерен концерт „Вокални дијалози“ сопран и пијано, м-р Кристина Палија и д-р Невенка Трајкова (3)

31.7.2015„Топол културен бран 2015“, Неготино: Целовечерен концерт на Трио Grazioso–Отворање на Топол културен бран 2015 (3)

27.8.2015,НЧ „Св.Кирил и Методиј“ Попово, Р.Бугарија: Целовечерен концерт на Трио Graziso во - „Common european memory of the past“2015 (6)

6.11.2015, Неготино, Центар за култура „Ацо Ѓорчев“,Свечен концерт на Трио Grazioso на свечената седница по повод 8 Ноември (3)

***Награди, признанија и дипломи:***

23. 4.2002, I Награда на XL Државен натпревар во Скопје – камерна музика;
24. 4.2002, III Награда на XL Државен натпревар во Скопје – пијано (дуо);
25. 8.8.2012, Струга, Фестивалот „Езерски бисери“ - Награда за најдобар корепетитор;
26. 5-15.8.2011, Претседател на организацискиот одбор на VIII Меѓународен арт фестивал „Езерски бисери“ – Струга;
27. 4-14.8.2012, Претседател на организацискиот одбор на IX Меѓународен арт фестивал „Езерски бисери“ – Струга;
28. 28.6.2014, Дојран, Награда за најистакнат уметнички соработник на Фестивалот „Дојрана“ 2014;
29. 20-28.6.2014, Дојран, Уметнички директор на Меѓународен арт фестивал „Дојрана“ 2014;
30. 6.11.2015, Неготино, 8-ноемвриско признание од областа на културата од Општина Неготино на трио Grazioso, сопран – м-р Кристина Палија, д-р Невенка Трајкова и виолина Менка Богоевска.

**Листа на стручни трудови објавени во меѓународни списанија со импакт фактор од остварената наставно-образовна и научноистражувачка дејност на д-р Невенка Трајкова**

31. Trajkova, N. (2014). Culture and Human Development Through Music Education: Specifics of the Interpretation and Complementariness in Chamber Musicianship, Characteristic for the Educational Development of Music Students. *International Journal of Sciences: Basic and Applied Research* (IJSBAR), pp. 538-545, **If=13/39**~**0.333 Аман, Јордан**
32. Trajkova, N. (2014). The Educational Process in Mastering and Developing Pianistic Technique through Performance of Modern Pieces for Intermediate and Advanced Level Students. *International Journal of Sciences: Basic and Applied Research* (IJSBAR), pp. 357-365, **If=13/39**~**0.333 Аман, Јордан**

*Стручно - апликативна дејност и организациско - развојна дејност*

**Објавени стручни трудови на д-р Невенка Трајкова во музички списанија, меѓународни списанија и зборник од трудови**

Д-р Невенка Трајкова има објавено 4 труда од областа на интерпретацијата на камерна музика и корепетиција во домашни и странски списанија, и тоа:

33. Трајкова, Н. (2011). Михайло Трандафиловски и неговият цикъл „Cekori“за цигулка и пиано, *Музикални хоризонти,* стр. 21-23, бр.6, **София**, **Бугарија***(види табела Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност под ред. бр. 5)*
34. Трајкова, Н. (2010). Интерпретацијата и комплементарноста како проблеми во ансамбловото музицирање, поставени од принципите и карактеристиките на современите македонски композитори, *Музика*, стр. 73-82, год.13, бр. 16, **Скопје**;*(види табела Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност под ред. бр. 5)*
35. Трајкова, Н. (2011). Стојан Стојков: Неофолклорните толкувања на жанрот соната и сонатина во областа на камерното дуо, *Музика*, стр. 29-42, год. 14, бр. 17, **Скопје** *(види табела Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност под ред. бр. 5)*
36. Трајкова, Н. (2011). Синтеза на додекафонијата и модалност: тенденции во камерното творештво на Гоце Гавриловски концептот на делото „Circle“, *Годишен зборник на ФМУ*, стр. 79-90, год. 2, бр.2, **Штип** *(види табела Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност под ред. бр. 6)*

**Учествува на симпозиуми и конференции со усмено изложување на сопствени трудови:**

37. 2010, Струшка музичка есен со трудот „Детерминирање на проблемите во современата македонска музика“*(види табела Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност под ред. бр. 8)*
38. 2011, Струшка музичка есен со трудот „Значајни јубилеи на познати македонски композитори“*(види табела Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност под ред. бр. 8)*
39. 2014, Своге, Бугарија со трудот „По случај на јубилејните годишнини на Дворжак, Сметана, Мартину, Владигеров, Пипков, Казанциев“*(види табела Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност под ред.8*
40. 2015, Своге, Бугарија со трудот „Прашања за ансамбловата интерпретација и камерни концертни програми“ Презентација *(види табела Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност под ред. бр. 8)*

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупната наведена активност на кандидатката, Комисијата заклучи дека кандидатката ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање доцент за наставно-научната уметничка област т**ехники на ансамблова интерпретација и придружба на изведба на мелодии во современи стилови**.

Кандидатката д-р Невенка Трајкова, преку остварените досегашни активности во изминатите 7 години како вработена стручен соработник – корепетитор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и преку своите ангажмани во соработката со студентите од Вокално-инструменталниот оддел и нивните предметни професори, покажа високо ниво на професионалност, дисциплинираност, компетентност и преданост во организациско–развојните дејности на Музичката академија и воопшто на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно–научниот уметнички совет да го усвои нашиот предлог и ја избере кандидатката д-р Невенка Трајкова за доцент во **наставно – научната уметничка област техники на ансамблова интерпретација и придружба на изведба на мелодии во современи стилови** на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Антонијо Китановски, вонреден професор на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, претседател, с.р.**
**М-р Ангеле Михајловски, вонреден професор на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член, с.р.**
**М-р Георги Мицанов, вонреден професор на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. Бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **4.** | Два труда објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) бр.42,43 | | | 2 | 6 | 12 |
| **6.** | Музички настап на официјален концерт (целовечерен концерт) бр.1,2,3,5,6,7,8,9, 10,11,12,13,15, 16,18,19,20,21,23,24, 25,27-33 | 11 | 3 | 10 | 6 | 93 |
| **8.** | Музички настап на официјален концерт (настапи на групни концерти Шпанија, Словенија, Софија), бр.4,12,14,17,22,26 | 3 | 2 | 3 | 3 | 15 |
| **10.** | Одбранета докторска дисертација | 8 | | | | 8 |
| **11.** | Одбранет магистерски труд | 4 | | | | 4 |
| **18.** | Претседател на Организациониот одбор на Арт фестивал „Езерски бисери“ (2011 и 2012) и Организатор на концерт во Штип на Трио„Владигеров“ од Софија бр.40,41 | 3 | 2 | | | 6 |
| **19.** | Член на Организационен одбор, фестивал (уметнички директор на „Дојрана“) бр.39 | 1 | 1 | | | 1 |
| **21.** | Награди – признанија за уметнички постигнувања, сценско-музички награда (две државни награди во Скопје, една на „Езерски бисери“ во Струга и една на Фестивал„Дојрана“),8-ноемвриско признание 2015, од Општина Неготино бр.34,35,36,37,38 | 5 | 5 | | | 25 |
| **22.** | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **172** |
| **Р. Бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **5.** | Труд во стручно списание (Музика, Скопје и Музикални хоризонти, Бугарија ) бр,44,45,46 | 2 | | 1 | 6 | 10 |
| **6.** | Стручен труд објавен во зборник бр.47 | 2 | | | | 2 |
| 8. | Учество на стручен собир со реферат (усно) (2 во Струга и 2 во Бугарија) бр. 48,49,50,51 | 2 | 0,5 | 2 | 1 | 3 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **15** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **187** |